**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**MINISTRIA E FINANCAVE**
**Државен девизен инспекторат**
**Inspektorati devizor shtetëror**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2025 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | | | Afrim Qoku<br>[име и презиме] |
| Датум: | 13.11.2024 | | Директор на Државен девизен инспекторат<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | <br>[потпис] |

**Државен девизен инспекторат**

**Програма за работа на Државен девизен инспекторат за 2025 година**

Врз основа на член 8 од Законот за девизната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/04, 24/11, 43/14, 112/14 и 83/18) и член 33 од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Македонија’’ бр. 102/2019) директорот на Државен девизен инспекторат, донесува

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2025 ГОДИНА

## Резиме

Согласно обврската која произлегува од Законот за инспекциски надзор Државниот девизен инспекторат изработи план за работа за 2025 година. Во изработка на Годишниот план за работа земени се во предвид Законот за девизната инспекција, Законот за инспекциски надзор, Законот за девизното работење како и други закони и подзаконски акти кои се во надлежност на Инспекторатот.

Надлежностите на инспекциската служба во чии рамки е и Секторот за инспекциски надзор, аналитика и статистика се содржани и регулирани во Законот за девизната инспекција, Законот за девизното работење, Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка и Законот за прекршоци како и соодветни подзаконски акти.

Со планот за работа на Инспекторатот за 2025 година се предвидени работи на инспекциски надзор, водење на управна и прекршочна постапка по девизните прекршоци, поднесување на пријави за сторени кривични дела, аналитичко-информативни и девизно-правни работи, остварување на соработка со други органи на надзор и со други институции и органи, посебно органи на прогон и пресудување, во смисла на меѓусебно информирање, усогласување на поедини контроли, размена на искуства и превземање на заеднички акции и слично.

Државниот девизен инспекторат е орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.

Со Државниот девизен инспекторат раководи Директор, кој согласно член 8 од Законот за девизната инспекција и член 33 од Законот за инспекциски надзор ја донесува Годишната програма за работа на инспекторатот.

Работите од областа на девизната инспекција и девизните прекршоци, Државниот девизен инспекторат ги извршува преку два сектори и тоа: 1. Сектор за инспекциски надзор, аналитика и статистика и 2. Сектор за девизни прекршоци, нормативни работи, аналитика, статистика и општи работи. Во рамки на Секторот за инспекциски надзор, аналитика и статистика има две одделенија кои ги извршуваат надлежностите во врска со инспекцискиот надзор и тоа: 1. Одделение за инспекциски надзор и 2. Одделение за аналитика и статистика. Секторот за девизни прекршоци, нормативни работи, аналитика, статистика и општи работи има две одделенија и тоа: 1. Одделение за девизни прекршоци, аналитика,статистика и нормативни работи кое е надлежно за извршување на работите во врска со девизните прекршоци и 2. Одделение за општи работи. Во рамки на инспекторатот постојат и две самостојни одделениеја и тоа: 1. Одделение за финансиски прашања и 2. Одделение за управување со човечки ресурси.

Државниот девизен инспекторат врши инспекциски надзор над девизното работење на резиденти и нерезиденти кои вршат дејност на територија на Република Северна Македонија.

За изработка на годишниот план претходно беше изработена Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциските надзори заведена со број 08-250/1 од 07-09/2021 година во која соодветно е изработена анализа на ризиците за вршење на инспекциски надзори кај фирмите кои што се предмет на надзор на Државниот девизен инспекторат.

Во понатамошниот текст во делот Анализа на ризици ќе бидат прикажани резултатите од анализа на ризиците при вршење на инспекциски надзор од страна на Државниот девизен инспекторат.

Во делот Организација и раководење ќе биде претставена организационата поставеност на Државниот девизен инспекторат како и промените кои ќе настануваат во годината што следува, а кои се однесуваат на работните места по основ на пенизионирање и пополнување на испразнетите места. Во прилог ќе биде прикажана со табеларен преглед организационата поставеност на Државниот девизен инспекторат и плановите за идната година.

Во делот Инспекциски надзор ќе биде претставен бројот на инспекциски надзори по вид и по региони како и по градови каде ќе биде изведуван инспекцискиот надзор и очекуваните неправилности.

Во делот Обука на инспекторите и административните службеници ќе бидат претставени податоци за планираните обуки на инспекторите и административните службеници вработени во Државниот девизен инспекторат.

Во делот Буџет и финансирање ќе биде табеларно претставен предлог буџетот на Инспекторатот за 2025 година.

Во делот Мегународна соработка, Државниот девизен инспекторат планира да оствари соработки кои се однесуваат на компаративното право и копаративната практика од областа на девизното работење и девизните прекршоци.

**Анализа на ризици**

Анализата на ризици е изработена согласно со Методологијата за процена на ризик при планирање на инспекциските надзори на Државниот девизен инспекторат со број 08-250/1 од 07.09.2021 година. Ризикот е настан кој може да се случи во иднина и да нанесе штетни последици. Главни елементи на ризикот се штетната последица и веројатноста од случување на штетниот настан во иднина. Ризиците според видот може да се групираат на: загрозување на некое добро, во смисла на оштетување или уништување, ограничување, односно спречување или попречување на остварување на некое право или интерес на некое физичко или правно лице, загрозување на животната средина, загрозување на здравјето на луѓето, загрозување на јавниот интерес.

Република Северна Македонија како држава со своја девизна политика ги пропишува мерките за ограничување на работењето на правните и физичките лица со девизи, а со цел постигнување на целите дефинирани со девизната политика на земјата.

Државниот девизен инспекторат има ограничени ресурси и ограничена можност за инспекциски надзор, контрола и увид во работењето на субјектите кои се под надзор. Од тие причини ресурсите кои се на располагање се насочени кон спречување на настани кои би предизвикале најголеми штети. Управувањето со ризиците значи идентификација на сите релевантни ризици кај субјектите под надзор, нивно мерење, приоретизација и контрола. Идентификацијата и мерењето на ризиците се врши преку прибирање на релевантни податоци, нивно систематизирање, обработка и анализа . Градацијата на ризиците, изработена врз база на анализа на податоците е основен критериум при планирањето на надзорите. Плановите за надзор ќе ги насочат и ќе дадат приоритет на инспекциските активности со цел заштитување од најштетните последици. Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор. Планот за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на Одделението за инспекциски надзор во рамки на Државниот девизен инспекторат со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и

минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз процената на ризиците. Квалитетот на планот е во дирекна корелација со квалитетот на проценката од ризиците.

Начинот на управување со ризиците претставува еден циркуларен процес кој ги содржи следниве елементи: анализа на ризиците, утврдување и проценка на ризиците, постапување, следење и известување.Анализата подразбира идентификација на видот на ризиците кои се појавуваат кај секој посебен вид на субјект под надзор, кој ќе зависи од самата природа на дејноста и активностите на субјектот. Во фазата на утврдување и проценка, се врши идентификација и предвидување на можните штетни последици кои можат да се предизвикаат со дејноста на субјектот под надзор и на кого точно се однесуваат штетните последици, т.е кој би можел да трпи штетни последици. Проценката на ризиците се врши врз база на тежината и веројатноста за случување на штетните последици. Постапувањето е фаза каде се применува планот и се извршуваат надзорите. Во оваа фаза постојано се следи и споредува предвиденото со реалното сценарио за да се утврди реалноста на проценката и доколку се воочи дека проценката не е соодветна или дека настанале други настани кои влијаат на ризиците, веднаш треба да се направи повторна проценка на ризиците според ново-настанатата ситуација. Следењето и известувањето е фаза во која се следи успешноста на проценката на планот и ризиците, каде се споредуваат резулатите од надзорите, начинот на утврдување и мерење на ризиците и доколку е потребно се врши соодветна корекција. Оваа фаза за прибирање и анализа придонесува за одбегнување на претходните грешки.

Одделението за инспекциски надзор во Државниот девизен инспекторат преку распоред на бодови врши рангирање на важноста на ризикот. Со Методологијата за процена на ризик при планирање на инспекциските надзори на Државниот девизен инспекторат со број 08-250/1 се опфатени 3 степени на ризик и тоа : ниво 1 – низок степен на ризик, ниво 2- среден степен на ризик, ниво 3 –висок степен на ризик. Согласно со степенот на ризикот, Државниот девизен инспекторат или поконкретно Одделението за инспекциски надзор кај субјектите од висок ризик треба да вршат најмалку еден инспекциски надзор годишно. Кај субјектите од среден степен треба да вршат најмалку еден инспекциски надзор на две години. И кај субјектите од низок степен на ризик треба да вршат најмалку еден инспекциски надзор во три години. Ново основаните субјекти се проценуваат со среден степен на ризик.

Државниот девизен инспекторат, поконкретно Одделението за инспекциски надзор врши надзор на правни и физички лица, резиденти и нерезиденти ( освен банки, штедилници и менувачници) кои се занимаваат со девизното и надворешно трговско работење. Како штетна последица од непостапувањето согласно законските прописи на субјектите на надзор може да се појави нарушен интерес на државата во делот на девизната рамнотежа и оштетување на буџетот.

Природата на инспекцијата која ја спорведува Државниот девизен инспекторат е поврзана со девизното работење на фирмите што претставува доста сложена проблематика. Во голем број случаи при извршување на инспекциските надзори, самите контроли се поврзани со дополнителни активности како што се посета на адвокатски канцеларии, дополнителни информации од деловните банки, посета на сметководствени друштва и друго. При извршување на надзорот се јавуваат и други институции како што се Министерството за внатрешни работи, Комисијата за спречување на корупција и други. Еден поедноставен инспкциски надзор заедно со изготвувањето на записник трае најмалку неколку недели до еден или два месеци кога надзорот е посложен.

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторатот постапува според одредбите на Законот за девизната инспекција, Законот за девизното работење, Законот за инспекциски надзор и Законот за општата управна постапка. Секторот за инспекциски надзор, аналитика и статистика во рамки на своите законски надлежности врши: редовни инспекциски надзори, вонредни инспекциски надзори и контролни инспекциски надзори.

Во Инспекторатот во 2025 година ќе може да извршуваат инспекциски надзор двајца инспектори и тоа еден со звање Самостоен инспектор за надзор и еден Помлад инспектор за девизно и надворешно трговско работење.

Согласно горенаведеното инспекциските надзори би се превземале од моменталните актуелни состојби во движењето на економијата и соработката со другите државни органи.

**Организација и раководење**

Согласно Законот за девизната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/04, 24/11, 43/14, 112/14 и 83/18), Државниот девизен инспекторат има својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

Внатрешната организација на Инспекторатот, видовите на организационите единици, раководењето со истите, програмирањето и извршувањето на работите и задачите како и начинот на работа во Инспекторатот се утврдени со Правилникот за систематизација и организација на рабтните места на инспекторатот со бр. 03-49/1 од 14.02. 2020 година.

Во Инспекторатот се уврдени следниве сектори и одделенија:

1. Сектор за инспекциски надзор, аналитика и статистика
    - 1.1 Одделение за инспекциски надзор
    - 1.2. Одделение за аналитика и статистика
2. Сектор за девизни прекршоци, нормативни работи, аналитика, статистика и општи работи
    - 2.1. Одделение за девизни прекршоци, аналитика,статистика и нормативни работи
    - 2.2. Одделение за општи работи
3. Одделение за финансиски прашања
4. Одделение за управување со човечки ресурси

Во рамки на  Сектор за инспекциски надзор, аналитика и статистика постојат две одделенија и тоа : 1.Одделение за инспекциски надзор и 2. Одделение за аналитика и статистика. Во рамки на Одделението за инспекциски надзор распореден е еден извршител Самостоен инспектор за надзор (В2) и еден извршител Помлад инспектор за девизно и надворешно трговско работење (В4). Во Одделение за аналитика и статистика е распореден еден извршител на работно место Помлад соработник за аналитика и статистички податоци.

Во рамки на Секторот за девизни прекршоци, нормативни работи, аналитика, статистика и општи работи постојат две одделенија и тоа: 1.Одделение за девизни прекршоци, аналитика, статистика и нормативни работи и 2.Одделение за општи работи. Во рамки на Одделението за девизни прекршоци, аналитика,статистика и нормативни работи се распоредениддвајца административнни службеници и тоа, еден вработен на работно место Помлад соработник за девизни прекршоци и нормативни работи (В4) и еден вработен на работно место Советник за аналитика и статистика на девизните прекроци (В1). Поради тоа не постои можност да се формира прекршочна комисија за да може да се изрекуваат прекршочни санкции по девизните прекршоци. Во Одделението за општи работи распоредени се двајца вработени и тоа: еден извршител на работно место Советник – преведувач за Албански јазик (В1), еден извршител на работно место Самостоен референт за административно технички работи (Г1).

Во рамки на самостојното Одделение за финансиски прашања распореден е само еден вработен на работно место Советник за сметководствени работи (В1).

Во самостојното Одделение за управување со човечки ресурси нема вработени кои ќе ги извшуваат работните задачи на одделението.

Со Инспекторатот раководи Директор именуван од Владата на Република Северна Македонија кој  ги раководи, организира и координира работите на Инспекторатот.Согласно Законот за девизната инспекција Директорот го претставува Инспекторатот, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите, презема мерки од надлежност на Инспекторатот во согласност со закон, предлага акти од надлежност на Инспекторатот кои ги донесува министерот за финансии, се грижи за унапредување на инспекцискиот надзор и за стручно

усовршување на инспекторите,остварува соработка со други органи. Директорот изготвува предлог на годишна програма за работа на Инспекторатот и истата ја доставува до Инспекцискиот совет, најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година. Директорот ја донесува годишната програма за работа на Инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на мислењето од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година, доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави мислење, односно забелешки во рокот утврден со закон. Врз основа на донесената годишна програма за работа на Инспекторатот, директорот подготвува квартални планови за работа на секој инспектор, кои збирно ги доставува на разгледување до Инспекцискиот совет, најдоцна две недели пред почетокот на следниот календарски квартал и тоа до 15 декември за првиот квартал од наредната година, до 15 март за вториот, до 15 јуни за третиот, односно до 15 септември за четвртиот квартал во тековната година. Во кварталните планови за работа на секој инспектор, директорот задолжително го внесува бројот на планирани надзори во следните три месеци, како и степенот на сложеност на секој од надзорите. Врз основа на кварталните планови за работа на секој инспектор, директорот подготвува месечен план за работа, кој содржи и распоред на надзори по датуми и по субјекти на надзор. Директорот најдоцна две недели од почетокот на тековниот календарски квартал за претходниот до Инспекцискиот совет доставува збирни квартални извештаи за работата на секој инспектор и тоа до 15 јануари за четвртиот квартал од претходната година, до 15 април за првиот квартал, до 15 јули за вториот, односно до 15 октомври за третиот квартал во тековната година. Директорот најдоцна до 1 март во тековната година до Инспекцискиот совет доставува годишен извештај за работата на Инспекторатот за претходната година.

Кадровската екипираност на Инспекторатот е една од слабите точки од причина што во моментов покрај Директорот работат вкупно 8 вработени и тоа: 1 самостоен инспектор, 1 помлад инспектор, 3 советници, 2 помлад соработник и 1 самостоен референт. Во Правилникот за систематизација на работните места на Државниот девизен инспекторат изработен врз основа на Функционална анализа со бр. 03-46/1 од 13.02.2020 година, врз основа на обемот, тежината и сложеноста на работата систематизирани се и опишани се вкупно 51 работно место. Со цел нормално функционирање и извршување на работите и работните задачи, Инспекторатот утврди дека во моментов има дефицит на стручен кадар. Надминувањето на проблемот се гледа во вработување на нови инспектори и административни службеници.

Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање е даден во Табела бр. 1 и Табела бр 2 во која е предвиден планот за нови вработувања и пензионирања на инспектори.

Табела 1Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 1 | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | 1 | | | 1 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | 1 | | | | 1 |
| Вкупно | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | | | | 0 | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 1 | | 0 | | | | | | 0 | 1 | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | 0 | | | | | | 0 | 1 | | 0 |
| Вкупно | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |

**Забелешка:** Годишниот план за вработување за 2025 година сеуште нема согласност од органот надлежен за буџет**.**

**Инспекциски надзор**

Надлежностите на Државниот девизен инспекторат се уредени со Законот за девизната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/04, 24/11, 43/14, 112/14 и 83/18) и Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21). Покрај овие закони, во своето работење Инспекторатот ги применува и одредбите на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/19), Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/19) и други законски и подзаконски акти.

Државниот девизен инспекторат врши инспекциски надзор над работењето на резиденти и нерезиденти кои вршат дејност на територија на Република Северна Македонија, а кој се однесува на надзор над работењето на:

-Тековни трансакции меѓу резиденти и нерезиденти и нивна реализација во вид на плаќање и трансфери;

-Тековни трансакции меѓу резиденти ако работат со странски платежни средства или ако предмет на работењето се странските платежни средства;

-Еднострaн пренос на средства, како лични трансфери од и во Република С. Македонија;

-Директни инвестиции на нерезиденти во странство и на резиденти во Ребулика С. Македонија;

-Вложување во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти ви Ребулика С. Македонија;

-Трансакциите на издавање и воведуваање на домашни хартии од вредност во странство и вложување на резиденти во хартии од вредност во странство;

-Трансакциите на издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република С. Македонија и вложување на нерезиденти во хартии од вредност во Република С. Македонија;

-Кредитните работи меѓу резиденти и нерезиденти;

-Начинот на вршење на платниот промет со и од странство;

-Плаќањата и наплатите во ефективни странски пари на резиденти во трансакциите со нерезиденти;

-Купување и продажба на странски платежни средства на девизниот пазар;

-Депозитни работи;

-Резиденти кои вршат менувачко работење без одобрување од Народната банка на Република С. Македонија;

-Нерезиденти кои вршат дејност без одобрение од надлежен орган на управа или во спротивност со одобрението;

-Резиденти кои вршат трансфер на пари спротивно на закон;

-Подружници и претставништва на странски лица и

-Врши и други работи определени со Законот за девизното работење и со други закони.

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат според одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор се извршува и по заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, пријави од други органи и институции и други инспекции врз основа на оценката на актуелноста на одредени појави и проблеми во областа на девизното работење.

Инспекторатот води и прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции по прекршоците пропишани со Законот за девизното работење. Постапката се води согласно Законот за прекршоците.

За да се отстранат незаконитостите и неправилностите утврдени со инспекциските надзори се донесуваат заклучоци односно се изготвуваат решенија во управна постапка врз основа на утврдените состојби од страна на Секторот за инспекциски надзор, аналитика и статистика.

За утврдените неправилности кои имаат белези на кривични дела се поднесуваат пријави до надлежните обвинителства, а за девизните прекршоци се поднесуваат пријави до Секторот за девизни прекршоци, нормативни работи, аналитика, статистика и општи работи и до други прекршочни органи (Комисија за прекршоци во Народна банка на Република Северна Македонија и Царинската управа на Република Северна Македонија), заради водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција.

Инспекторатот заради единствено постапување при превземање на мерки по наодите ќе се обезбеди следење на исходот од поднесените пријави односно барања за поведување на прекршочна постапка, поднесени жалби до правосудните органи и анализа на казнената политика.

Инспекторатот дава предлози за измена и дополнување на прописите чија примена ја контролира и учествува во работата на стручни групи за изработка на работните материјали на нови закони или измени и дополнувања на постојаните прописи од областа на економските односи со странство.

Инспекторатот остварува соработка со ресорите надлежни за областа на девизното и надворешното- трговско работење, правосудните, органите за внатрешни работи и други органи и институции.

За постапување и спроведување на годишната програмата надлежен е Директорот на инспекторатот.

Директорот согласно член 8 од Законот за девизната инспекција и член 33 од Законот за инспекциски надзор ја донесува годишната програма за работа и е надлежен и за евентуални измени и дополнувања на годишната програма.

Годишната програма стапува на сила со денот на одобрување од Инспекцискиот совет, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Согласно законските надлежности на Државниот девизен инспекторат, изработен е и план за инспекциските надзори по региони и градови кој е во прилог табеларно прикажан во Табела бр.3.

Во 2025 година Државниот девизен инспекторат планира да изврши 110 инспекциски надзори.

Во **Вардарскиот регион** не се планирани инспекциски надзори, надзорите се однесуваат на девизното работење на фирмите во овој регион. Односно тоа се субјекти на кои согласно член 3 од Законот за девизната инспекција, Инспекторатот врши надзор.

Во **Источниот регион** не се планирани инспекциски надзори.

Во **Југозападниот регион** се планираат вкупно 2 редовни инспекциски надзори и 2 контролни инспекциски надзори. Субјектите кои се опфатени во југозападниот регион се наведени и по градови кои се наоѓаат во овој регион.

Во **Југоисточниот регион** се планирани вкупно 2 редовни инспекциски надзори и 2 контролни инспекциски надзори. Субјектите кои се планирани за инспекциски надзори се наведени и по градови кои се наоѓаат во овој регион.

Во **Пелагонсискиот регион** не се планирани инспекциски надзори.

Во **Полошкиот регон** се планирани вкупно 2 редовни инспекциски надзори и 2 контролни инспекциски надзори. Субјектите кои се опфатени во полошкиот регион се наведени и по градови кои се наоѓаат во овој регион.

Во **Североисточниот регион** е планиран 1 редовен инспекциски надзор и 1 контролен инспекциски надзор.Субјектите кои се опфатени во овој регион се определени и по градови.

Во **Скопскиот регион** се планирани вкупно 53 редовни инспекциски надзори, 20 вонредни инспекциски надзори и 23 контролни инспекциски надзори.Субјектите кои се опфатени за инспекциски надзори во овој регион се определени по општини.

Во делот на вкупно планирани неправилности се планираат 30 неправилности кои би биле очекувани во идно време.

Во делот кој се однесува на вонредните инспекциски надзори се планираат како можни 20 инспекциски надзори бидејќи е тешко или скоро невозможно е да се изврши прецизно планирање на овие инспекциски надзори затоа што овие инспекциски надзори се однесуваат и на пристигнати претставки и барања за инспекциски надзори од заинтересирани страни.

Инспекциските надзори се планираат и ќе се превземаат и од моменталните актуелни состојби во движењето на економијата и соработката со другите државни органи.

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | | | | | |
| 1 | Велес | | | | | |
| 2 | Градско | | | | | |
| 3 | Демир Капија | | | | | |
| 4 | Кавадарци | | | | | |
| 5 | Лозово | | | | | |
| 6 | Неготино | | | | | |
| 7 | Росоман | | | | | |
| 8 | Свети Николе | | | | | |
| 9 | Чашка | | | | | |
| | Источен регион | | | | | |
| 10 | Берово | | | | | |
| 11 | Виница | | | | | |
| 12 | Делчево | | | | | |
| 13 | Зрновци | | | | | |
| 14 | Карбинци | | | | | |
| 15 | Кочани | | | | | |
| 16 | Македонска Каменица | | | | | |
| 17 | Пехчево | | | | | |
| 18 | Пробиштип | | | | | |
| 19 | Чешиново | | | | | |
| 20 | Штип | | | | | |
| | Југозападен регион | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| 21 | Вевчани | | | | | |
| 22 | Дебар | | | | | |
| 23 | Дебарца | | | | | |
| 24 | Кичево | | | | | |
| 25 | Македонски Брод | | | | | |
| 26 | Охрид | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| 27 | Пласница | | | | | |
| 28 | Струга | | | | | |
| 29 | Центар Жупа | | | | | |
| | Југоисточен регион | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| 30 | Богданци | | | | | |
| 31 | Босилово | | | | | |
| 32 | Валандово | | | | | |
| 33 | Василево | | | | | |
| 34 | Гевгелија | | | | | |
| 35 | Дојран | | | | | |
| 36 | Конче | | | | | |
| 37 | Ново Село | | | | | |
| 38 | Радовиш | | | | | |
| 39 | Струмица | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| | Пелагониски регион | | | | | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 40 | Битола | | | | | |
| 41 | Демир Хисар | | | | | |
| 42 | Долнени | | | | | |
| 43 | Кривогаштани | | | | | |
| 44 | Крушево | | | | | |
| 45 | Могила | | | | | |
| 46 | Новаци | | | | | |
| 47 | Прилеп | | | | | |
| 48 | Ресен | | | | | |
| | Полошки регион | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| 49 | Боговиње | | | | | |
| 50 | Бревеница | | | | | |
| 51 | Врапчиште | | | | | |
| 52 | Гостивар | | | | | |
| 53 | Желино | | | | | |
| 54 | Јегуновце | | | | | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | | |
| 56 | Теарце | | | | | |
| 57 | Тетово | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| | Североисточен регион | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 58 | Кратово | | | | | |
| 59 | Крива Паланка | | | | | |
| 60 | Куманово | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 61 | Липково | | | | | |
| 62 | Ранковце | | | | | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | | |
| | Скопски регион | 53 | 20 | 23 | 96 | 23 |
| 64 | Аеродром | 2 | 3 | 2 | 7 | 2 |
| 65 | Арачиново | | | | | |
| 66 | Бутел | | 2 | | 2 | |
| 67 | Гази Баба | 3 | 2 | 3 | 8 | 3 |
| 68 | Ѓорче Петров | 3 | 2 | 3 | 8 | 3 |
| 69 | Зелениково | | | | | |
| 70 | Илинден | | | | | |
| 71 | Карпош | 10 | | 4 | 14 | 4 |
| 72 | Кисела Вода | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 73 | Петровец | | | | | |
| 74 | Сарај | | | | | |
| 75 | Сопиште | | | | | |
| 76 | Студеничани | | | | | |
| 77 | Центар | 34 | 6 | 11 | 51 | 11 |
| 78 | Чаир | | 5 | | 5 | |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | | |
| ВКУПНО | | 60 | 20 | 30 | 110 | 30 |

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Државниот девизен инспекторат предвидува обуки согласно Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година на Инспекцискиот совет. Согласно Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година на Инспекциски совет, Држаниот девизен инспекторат ги планира и предвидува следниве обуки:

**1. Начела и организација, права,обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор)**

**2. Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки)**

**3. Изработување на управни акти**

**4. Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка**

**5. Етика**

**6. Комуникација**

Обуките ќе овозможат инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини, кои се од суштествено значење за нивната работа и значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.

**Буџет и финансирање**

Предлог буџет за 2025 година на Државен девизен инспекторат. Верзија на буџетот на Државен девизен инспекторат од Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

| Раздел | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 92 | ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ | *9.426* | *0* | *0* | *0* | *0* | *9.426* |

| Раздел / Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | ОПИС | Буџет 2024 | БУЏЕТ 2025<br>Расходи на Основен буџет | Расходи од самофинансирачки активности | Расходи од заеми | Расходи од донации | Вкупно расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 92 | *ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ* | *9.426* | *0* | *0* | *0* | *0* | *9.426* |
| 40 | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **7.861** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.861** |
| 401 | Основни плати | 5.647 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.647 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.088 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.088 |
| 404 | Надоместоци | 126 | 0 | 0 | 0 | 0 | 126 |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.540** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.540** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 50 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 550 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 50 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180 |
| 425 | Договорни услуги | 650 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650 |
| 426 | Други тековни расходи | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60 |
| 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **25** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25** |
| 464 | Разни трансфери | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ 254

**Меѓународна соработка**

Во делот на меѓународната соработка во 2025 година, Државниот девизен инспекторат планира да присуствува на најразлични конференции и состаноци со претставници од Европската Унија како и со други земји од соседството. Во овој дел би се овозможило споделување на компаративни искуства од компаративното право и практиката на земјите од соседството и Европската Унија кое се однесува на девизното работење и девизните прекршоци.

**Други активности на инспекциската служба**

Во 2025 година продолжува соработката со Инспекцискиот совет, во 2023 година е склучен Меморандум помеѓу Државниот девизен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и Инспекцискиот совет. Целта на Меморандумот за соработка е обезбедување на стручна поддршка од страна на Државниот пазарен инспекторат, во исполнување на обврските на Државниот девизен инспекторат за спроведување на девет месечната практична работа и обука на работно место, за стекнување на лиценца за инспектор, на кандидатите за државни девизни инспектори, под надзор на ментор. Државниот девизен инспекторат планира да оствари соработка со Инспекторати и други органи на територија на Република Северна Македонија како што се Секторите за внатрешни работи при Министерството за внатрешни работи како и координирани надзори со Државниот пазарен инспекторат. Ова ќе ја исклучи можноста за неовластено купување и продавање на платежни средства.